# Д О Г О В О Р

**за набавка на aFRR балансен капацитет и aFRR балансна енергија**
**за месец _______ 202_ година**

СКЛУЧЕН ПОМЕЃУ:

**АД „МЕПСО“**

и

________________________________
Давател на балансни услуги

**ДОГОВОР**

**за набавка на aFRR балансен капацитет и aFRR балансна енергија за месец _____________ 2022 година**

**Склучен помеѓу**:

1. Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроененергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, ул. Максим Горки бр.4, Скопје, застапувано од Генералниот директор на АД МЕПСО ______________, во натамошниот текст АД МЕПСО од една страна, и

2.__________________________________________________, застапувано од Управител ___________________, во натамошниот текст Давател на услуги за балансирање (BSP), од друга страна.

**Предмет на Договорот**

**Член 1**

(1) Предмет на овој договор е набавка на **aFRR балансен капацитет и aFRR балансна енергија** за потребите на АД МЕПСО за **месец** ___________, во периодот од 00:00 часот на_________ 202_ година до 24:00 часот на ___________ 202_ година.

| aFRR балансен капацитет за месец _______ 202_ година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| BSP | Регулација нагоре (+) дневно (MW) | Регулација надолу (-) дневно (MW) | Цена €/MW | Период на испорака | Вкупен износ € |
| | | | | | |

**Член 2**

(1) BSP се обврзува да го стави на располагање на АД МЕПСО закупениот aFRR балансен капацитет.
(2) Најдоцна до 14 часот во денот D-1, BSP до АД МЕПСО доставува распоред за диспечирање на закупените aFRR балансни единици за обезбедување aFRR балансна енергија за регулација нагоре и регулација надолу за денот D, и истиот се смета за конечен.
BSP е должен да го доставува Распоредот за диспечирање на aFRR балансни единици до АД МЕПСО во следниот формат:

| Балансна единица | Име на балансна единица | Опсег | Ден | Датум | Вкупно | H1 | H2 | H3 | H4 | H5 | H6 | H7 | H8 | H9 | H10 | H11 | H12 | H13 | H14 | H15 | H16 | H17 | H18 | H19 | H20 | H21 | H22 | H23 | H24 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | MIN | Распоред за диспечирање | Регулација нагоре | (+) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | Цена за aFRR енергија | €/MWh | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | Регулација надолу | (-) | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | MAX | | Цена за aFRR енергија | €/MWh | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | Базна моќност | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

(3) BSP е должен да го подеси опсегот на регулација на секоја балансна единица вклучена во распоредот за диспечирање од став (2) на овој член, така што вкупниот опсег на регулација мора да биде еднаков на закупениот балансен капацитет за периодот.

(4) Во случај на несоодветно поставен опсег на регулација, произведената електрична енергија надвор од регулационот опсег ќе се смета за дебаланс.

(5) АД МЕПСО ќе ги смета како меродавни само оперативните граници на балансните единици кои се поставени во рамките на оперативните и технички можности од страна на Операторите на Балансните единици, телеметрирани до SCADA системот на АД МЕПСО.

**Активирање на aFRR балансна енергија**

**Член 3**

(1) АД МЕПСО ја активира aFRR балансната енергија согласно распоредот за диспечирање на балансните единици доставен од страна на BSP.

(2) BSP е должен да обезбедува податоци за диспечирање на балансните единици за потребите на АД МЕПСО преку комуникациска врска SCADA системот на BSP и SCADA системот на АД МЕПСО.

(3) aFRR балансната енергија се активира автоматски преку SCADA системот на АД МЕПСО кој испраќа сигнал до балансните единици на BSP кои се успешно вклучени во AGC, за активирање на потребната балансна енергија.

(4) Во случај на технички потешкотии и неможност да се активира балансна енергија од aFRR балансните единици предвидени со распоредот за диспечирање BSP испраќа известување за техничката спреченост и нов распоред за диспечирање на балансните единици со расположливи балансни единици кои можат да обезбедат aFRR балансен капацитет и aFRR балансна енергија на АД МЕПСО, најдоцна еден час пред часот на активирање на балансната единица.

## Финансиско порамнување за набавениот aFRR балансен капацитет

### Член 4

(1) АД МЕПСО врши финансиско порамнување за набавениот (закупениот) aFRR балансен капацитет врз основа на податоците за реално обезбедениот aFRR балансен капацитет од страна на BSP и цените од аукциите за aFRR балансен капацитет.

(2) АД МЕПСО ќе смета дека балансните единици на BSP го овозможиле набавениот aFRR балансен капацитет доколку балансната единица го стави на располагање балансниот капацитет според техничките детали за активирање опишани во Правилата за набавка на aFRR.

(3) Период на порамнување е еден календарски месец.

(4) АД МЕПСО изготвува и доставува извештај до BSP за финансиско порамнување за набавката на aFRR балансен капацитет во рок од 5 (пет) работни дена од првиот работен ден на месецот М+1 за месецот М.

(5) Врз основа на извештајот од став (4) од овој член, BSP изготвува и доставува фактура до АД МЕПСО во рок од 8 (осум) работни дена од доставување на извештајот.

(6) Датумот на доспевање е 8 (осум) работни дена од датумот на издавање на фактурата.

## Финансиско порамнување на активираната балансна енергија

### Член 5

(1) Место на испорака на активираната aFRR балансна енергија е електропреносната мрежа на АД МЕПСО.

(2) АД МЕПСО врши пресметка на активирана aFRR балансна енергија во согласност со Правилата за балансирање на ЕЕС, Член 27 "Пресметка на количината на активирана aFRR балансна енергија".

(3) Балансните единици на BSP се смета дека работат правилно во aFRR регулација ако работат кумулативно најмалку 45 минути во соодветниот час.

(4) АД МЕПСО врши финансиско порамнување за активираната aFRR балансна енергија врз основа на податоците за количините на активираната aFRR балансна енергија и цените од аукциите за aFRR балансна енергија.

(5) За финансиско порамнување на активираната aFRR балансна енергија се користат цените што ги дава BSPs во Д-1 за денот Д.

(6) Период на финансиско порамнување е еден календарски месец.

(7) АД МЕПСО испраќа извештај од пресметка на активирана aFRR балансна енергија со цел финансиско порамнување, во рок од 7 (седум) работни дена по завршување на односниот месец.

(8) BSP има право на приговор на извештајот и истиот треба да го испрати преку електронска пошта (E-mail) во рок од 2 (два) работни дена по приемот на извештајот од АД МЕПСО. АД МЕПСО го разгледува приговорот и го подготвува и испраќа конечниот извештај за порамнување во рок од 1 (еден) работен ден откако ќе го добие приговорот и тој станува конечен за финансиското порамнување.

(9) Доколку BSP не е задоволен од конечниот извештај може да покрене постапка пред РКЕ, но тоа не ја одложува обврската за плаќање на фактурата.

(10) Врз основа на извештајот од став (7) и став (8) од овој член, АД МЕПСО изготвува и доставува фактура за активирана балансна енергија за регулација надолу до BSP во рок од 12 (дванаесет) работни дена по завршување на односниот месец.

(11) Врз основа на извештајот од став (7) и став (8) од овој член, BSP изготвува и доставува фактура за активирана балансна енергија за регулација нагоре до АД МЕПСО во рок од 12 (дванаесет) работни дена по завршување на односниот месец.

(12) Датумот на доспевање на фактурата е осум (8) работни дена од датумот на издавање на фактурата.

**Последици од неисполнување на обврските**

**Член 6**

(1) Ако BSP не успее целосно да го обезбеди закупениот aFRR балансен капацитет, необезбедениот капацитет (разликата помеѓу закупениот и обезбедениот капацитет) нема да му биде платен.

(2) Необезбедениот капацитет во временскиот интервал е основа за пресметување на трошокот за необезбедената aFRR балансната енергија кој се пресметува согласно Член 30 став (2) од Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем.

(3) АД МЕПСО изготвува извештај за необезбедениот aFRR балансен капацитет и во рок од 5 (пет) работни дена од првиот работен ден на месецот М+1 за месецот М го доставува до BSP.

(4) Врз основа на извештајот од став (3) од овој член, АД МЕПСО испраќа фактура за необезбедениот aFRR балансен капацитет до BSP во рок од 12 (дванаесет) работни дена по завршување на односниот месец.

(5) Датумот на доспевање на фактурата е 8 (осум) работни дена од датумот на издавање на фактурата.

**Гаранција за квалитетно извршување на договорот**

**Член 7**

(1) Секој давател на балансни услуги кој е внесен во Регистарот на Даватели на балансни услуги, доколку учествувал на месечната аукција која се организира за секој месец одделно, најмалку 15 (петнаесет) дена пред првиот ден на испорака на месечниот продукт и чија понуда за aFFR балансен капацитет е избрана за најповолна е должен да достави финансиска гаранција за квалитетно извршување на договорот за обезбедување на балансен капацитет и енергија во рок од 5 (пет) дена пред почетокот на испорака во висина од 10% од вредноста на договорот со важност до 20 (дваесет) работни дена по завршување на односниот месец во кој има договор за обезбедување на aFRR балансен капацитет.

(2) Финансиската гаранција може да биде во форма на банкарска гаранција, издадена од реномирана банка избрана од понудувачот и прифатлива за АД МЕПСО, или депонирани средства.

(3) Финансиската гаранција од став (1) од овој член се однесува истотака и на редовните исплати од овој Договор кои BSP ги има кон АД МЕПСО.

(4) Банкарската гаранција мора да биде издадена во форма во која банката - гарант безусловно и неотповикливо се обврзува да го плати секој износ до гарантираниот и тоа на прво писмено барање доставено од АД МЕПСО.

(5) Во случај кога BSP нема да ги подмири своите финансиски обврски од член 29 став (7) од Правилата за балансирање на ЕЕС кон АД МЕПСО како и евентуални финансиски обврски кои произлегуваат од член 30 од Правилата за балансирање на ЕЕС, АД МЕПСО му доставува писмена опомена, и доколку во рок од 8 (осум) дена од доставувањето на писмената опомена BSP не ја подмири финансиската обврска, АД МЕПСО отпочнува постапка за активирање на финансиската гаранција.

(6) Рокот на важноста на банкарската гаранција и/или депонираните средства ќе го покрие предметниот месец плус 15 (петнаесет) дена од денот на валутата на фактурата за тој месец.

**Раскинување на договор**

**Член 8**

(1) Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот без отказен рок.

(2) Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски бара продолжување на исполнување на обврската или раскинување на договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

(3) Во случај на раскинување на договорот по вина на BSP, АД МЕПСО ја наплаќа финансиска гаранција.

**Доверливост**

**Член 9**

(1) АД МЕПСО има обврска да објавува податоци кои се дел од овој Договор согласно "Правила за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоци".

(2) За останатите податоци кои не се предмет на објавување согласно "Правила за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоци", договорните страни се согласни да не откриваат детали од овој договор на трета страна, било да се во пишана, усна или електронска форма.

(3) Ограничувањето од став (2) од овој член нема да важи само при аплицирање во Банки од страна на договорните страни и Државните тела кои би вршеле инспекција.

АД МЕПСО | BSP

_________________________ | _________________________

**ПРИЛОГ 1:** Преглед на прифатени понуди

| Преглед на прифатени понуди | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| BSP | Продукт | Понудени колични MW | Доделени количини MW | Цена EUR/MW | Период на испорака |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |